## КОДЕКС НА ЕТИКА

Кодексот на етика ги наведува принципите и очекувањата кои го раководат однесувањето на индивидуалците и организациите при спроведувањето на внатрешните ревизии. Тој ги опишува минималните барања за однесување, како и очекувањата за однесување, додека не опишува специфични активности

## ВОВЕД

Целта на кодексот на етика на Институтот на внатрешни ревизори е да промовира етичка култура во внатрешната ревизија.

Внатрешната ревизија е независна и објективна дејност за уверување и советување, дизајнирана да додава вредност и да го подобрува работењето на организацијата. Внатрешната ревизија и' помага на организацијата да ги оствари своите цели, преку примена на систематски и дисциплиниран пристап за оценување и подобрување на ефективноста на управувањето со ризиците, контролите и процесите на раководење.

Етичкиот кодекс е неопходен и соодветен за професијата внатрешна ревизија, која како дејност се темели врз довербата во нејзиното објективно уверување за раководењето, управувањето со ризиците и контролите.

Опфатот на Кодексот на етика Институтот е поширок од самата Дефиниција на внатрешна ревизија, и ги опфаќа следниве две суштински компоненти:

1. Принципи, кои што се релевантни за професијата и праксата на внатрешна ревизија;
2. Правила на однесување, кон што ги опишуваат нормите на однесување кои што се очекуваат од внатрешните ревизори. Овие правила помагаат при толкувањето на Принципите во практична примена и нивната намена е да го водат етичкото однесување на внатрешните ревизори.

Под внатрешни ревизори се подразбира членови на Институтот на внатрешни ревизори, иматели на сертификат издаден од страна на Институтот на внатрешни ревизори, или пак кандидати за стекнување на сертификат од Институтот на внатрешни ревизори, како и сите оние, кои што извршуваат услуги за внатрешна ревизија во рамките на Дефиницијата на внатрешна ревизија.

## ПРИМЕНЛИВОСТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ НА ЕТИКА

Етичкиот кодекс се однесува на лица и организации, кои што извршуваат услуги на внатрешна ревизија.

За членовите на Институтот на внатрешни ревизори, како и за имателите на сертификат, или пак кандидати за стекнување со сертификат издаден од страна на Институтот на внатрешни ревизори, прекршувањето на Кодексот на Етика ќе се проценува и администрира во согласност

со актите и административни директиви на Институтот на внатрешни ревизори. Фактот дека одреден начин на однесува не е спомнат во Правилата на однесување, не спречува истиот да биде неприфатлив или дискредитирачки, и поради тоа, членот, имателот на сертификат или кандидатот за стекнување на сертификат можат да бидат подложни на дисциплински мерки.

## ПРИНЦИПИ

Од внатрешните ревизори се очекува да ги применуваат и поддржуваат следните принципи:

1. **Интегритет**

   Интегритетот на внатрешните ревизори воспоставува доверба, и со тоа ја обезбедува основата за потпирање на нивното расудување.

2. **Објективност**

   Внатрешните ревизори го демонстрираат највисокиот степен на професионална објективност при собирање, оценување и комуницирање на информациите за активноста или процесот кој што е предмет на ревизија. Внатрешните ревизори прават балансирана проценка на сите релевантни околности, и не се под влијание на сопствени или туѓи интереси при формулирањето на своите заклучоци.

3. **Доверливост**

   Внатрешните ревизори ја почитуваат вредноста и сопственоста на информациите кои што ги добиваат, и не обелоденуваат информации без соодветно овластување, освен доколку имаат законска или професионална обврска да го сторат тоа.

4. **Способност**

   Внатрешните ревизори ги применуваат знаењето, вештините и искуството неопходни за спроведување на услугите на внатрешна ревизија.

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

### 1. Интегритет

Внатрешните ревизори:

1.1. Ќе ја извршуваат својата работа со чесност, ги исполнуваат своите задолженија со чесност, совесност и одговорност.

1.2. Ќе ги почитуваат законите и ќе ги обелоденуваат информациите кои што се очекуваат од законите и професијата.

1.3. Нема свесно да бидат дел во било која незаконска активност, ниту пак да се впуштаат во акти што ја дискредитираат професијата на внатрешен ревизор или пак организацијата.

1.4. Ќе ги почитуваат и допринесуваат за исполнувањето на легитимните и етичките цели на организацијата.

**2. Објективност**

Внатрешните ревизори:

2.1. Нема да учествуваат во било каква активност или врска/однос кои што можат да ја намалат, или пак наизглед да ја намалуваат нивната непристрасна проценка. Ова ги вклучува и активностите или врските, кои што можат да бидат во конфликт со интересите на организацијата.

2.2 Нема да прифаќаат ништо, што може да влијае или се претпоставува дека влијае на нивното професионално расудување.

2.3 Ќе ги обелоденат сите материјални факти, кои што ги знаат, кои доколк не се обелоденети, би можеле да го изобличат известувањето за активностите кои што се предмет на ревизијата.

**3. Доверливост**

Внатрешните ревизори:

3.1 Ќе бидат внимателни при користењето и заштитата на информациите, добиени за време на нивната работа.

3.2 Нема да ги користат информациите за било каква лична корист или на било кој начин кој би бил спротивен на закон или кој би го нарушил исполнувањето на легитимните и етичките цели на организацијата.

**4. Способност**

Внатрешните ревизори:

4.1. Ќе се впуштаат само во оние услуги, за кои што ги имаат неопходните знаења, вештини и искуство.

4.2 Ќе ги спроведуваат услугите на внатрешна ревизија во согласност со Меѓународните Стандарди за Професионална Пракса на Внатрешната Ревизија.

4.3 Постојано ќе го подобруваат своето знаење и вештини, како и ефективноста и квалитетот на нивните услуги.

Објавено: јануари 2009 година

Институт на внатрешни ревизори (The IIA)